ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2022 ГОДИНА НА
# ВИШ УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (603)

**01 2023 03 04**

**Скопје, декември 2023 година**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Виш управен суд Скопје за 2022 година.

Со извршената ревизија изразивме мислење без резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е вршена ревизија ниту е издаден извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Виш управен суд Скопје за годините кои претходат на годината предмет на ревизија.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата ја истакнува констатираната состојба за не добивање на мислење од страна на Советот за судската служба по однос на донесен интерен акт – Правилник за внатрешна систематизација и организација на работните места, а за истиот постапувал и извршил измена и дополнување на актот за кои добиена е согласност од страна на Советот за судската служба. Ревизијата исто така истакнува дека постои неизвесност која се однесува на претходни години, како и во тековната година дека не се исполнува законски утврдениот минимален процент за обезбедување на средства од 0,8 % од бруто домашниот производ за Судскиот буџет. За 2022 година одобренни се 0,29% од законски утврдениот минимум. Напоменуваме и за испразнети места за судии од јули 2022 година што може да има влијание на решавањето на судските предмети.

Во делот на Останати прашања истакнуваме одредени системски слабости кои се однесуваат на различно уредување на начинот на пресметка на работното искуство со одредбите на Законот за платите на судиите и Законот за судската служба.

Од страна на одговорното лице на Виш управен суд добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани при што е утврдено дека едната забелешка преставува известување за преземени активности по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, а другата се прифаќа бидејќи е настаната техничка грешка.

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| 1. Вовед | 1 |
| 2. Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. Основ за изразување на мислење | 2 |
| 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет | 3 |
| 5. Останати прашања | 5 |
| 6. Законска основа за ревизијата и временски период | 6 |
| 7. Опфат и ограничувања | 6 |
| 8. Одговорност за финансиски извештаи | 6 |
| 9. Одговорност на ревизорите | 7 |
| 10. Недостатоци во внатрешната контрола | 8 |
| 11. Одговор на ревидираниот субјект | 9 |
| Финансиски извештаи за 2022 година | |
| Биланс на успех | 10 |
| Биланс на состојба | 11 |
| Преглед на промени на капиталот | 12 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | 13 |
| Сметководствени политики | 14 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 16 |

Прилог 1 - Забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број СУ – 03.бр.0302-71/2023 од 18.12.2023 година

Прилог 2 - Одговор на забелешките по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 28-176/13
**Дата:** 28.12.2023

## 1. Вовед

Врз основа на член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите[1] во Законот за судовите е додаден нов член 25-а согласно кој е основан Виш управен суд, кој ја врши судската власт на целата територија на Република Северна Македонија, со седиште во Скопје.

Виш управен суд Скопје официјално започнал со работа на 30.06.2011 година, согласно член 45 од Законот за изменување и дополнување на Законот за управните спорови[2].

Надлежностите на Виш управен суд Скопје се утврдени во Законот за судовите и Законот за управните спорови, а се извршуваат преку претседател на судот и судии.

Виш управен суд Скопје одлучува по жалби против пресудите и решенијата на Управниот суд, а во прв степен и за судир на надлежностите меѓу органите на Републиката, општините и градот Скопје, меѓу општините во градот Скопје и Град Скопје и јавните органи ако е тоа утврдено со закон.

Во Виш управен суд Скопје работата по предметите се одвива во специјализирани судски совети и тоа за: имотно правна област и други права, за пензии, инвалидски социјални, здравствени, права од работен однос, финансиски и други права како и за даночни, царински и други права.

---

[1]Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите - Сл. Весник на РМ бр.150/2010 83/18
[2]Законот за изменување и дополнување на Законот за управните спорови Сл. весник на РМ бр.150/2010


1. Н. Бојаџиевски
2. 
3. 

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на :

- финансиските извештаи на страна од 10 до 12 на Виш управен суд Скопје, за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Виш управен суд Скопје за 2022 година на сметката на основен буџет (603) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Виш управен суд Скопје на ден 31 декември 2022 година, на сметката на основен буџет (603) како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Виш управен суд Скопје за 2022 година, на сметката на основен буџет (603), во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI стандардите се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

4.1. Согласно одредбите од член 14 од Законот за судската служба[3], предвидено е Советот за судската служба да дава согласност на актите за внатрешна организација и систематизација во судовите. Од страна на Виш управен суд Скопје донесен е Правилник за внатрешна организација и систематизација[4] а во насока на исполнување на законската обврска Виш управен суд Скопје Правилникот го доставил до Советот, со цел добивање согласност за истиот. И покрај преземените активности за добивање на согласност за интерниот акт од 2019 до моментот на извршување на ревизијата согласноста се уште не е добиена.
Со ревизијата утврдивме дека Виш управен суд Скопје иако не добил согласност по однос на Правилникот во тек на 2020 година направил измена[5] на истиот, која измена е усвоена од страна на Советот за судска служба, односно добиена е согласност[6] на доставената измена и дополнувања на актот од 18.06.2020 година.
Во 2022 година издадени се решенија за вработување и распоредување на работни места кои се повикуваат на Правилникот за измените и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места, но не и на основниот интерен акт Правилникот за кој Виш управен суд Скопје нема добиено согласност. Во таа насока потребно е повторна интервенција до Советот за добивање на согласност на доставениот Правилник имајќи во предвид дека ќе има влијание во идниот период при пополнување на работните места.

4.2. Врз основа на Законот за управување со движењето на предметите во судовите[7] од страна на претседателот на судот донесен е Годишен план за управување со движењето на предметите и спречување на создавање и намалување на заостатокот на нерешени предмети и застојот на движењето на предметите во судот[8] и внатрешни процедури при управување со движењето на предметите.
Со примена на планот и внатрешните процедури Виш управен суд Скопје треба да постигне општа цел и тоа:

---

[3] Закон за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2014, 33/2015, 98/2015, 6/2016, 198/2018 и 248/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 235/2022). Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија: У.бр. 160/2014 од 18.01. 2017 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/2017 и У.бр.3/2017 од 7.06.2017 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 73/2017

[4] Правилник за внатрешна организација и систематизација 0807 Су.бр.0101-185/19 од 11.04.2019 година

[5] Измена со Су.бр. 0101-239/2020 од 12.06.2020 година на Правилник за внатрешна организација и систематизација 0807 Су.бр.0101-185/19 од 11.04.2019 година

[6] Позитивно мислење на измена на Правилник ССС бр.29/20 од 18.06.2020 година

[7] Закон за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/2020 година

[8] СУ бр. 0204-319/22 од 30.12.2022 година и СУ-03-19/21-3 од 27.01.2021 година

- да се спроведе функционална анализа за да се зајакне организациската ефективност во управувањето со движењето на предметите во судот и да се развие систем за континуиран развој на ова поле,
- да се направи анализа на причините за застој во движењето на предметите и заостаток на нерешените судски предмети и
- предлог-мерки за надминување на застојот на движењето на предметите и појава на нерешените судски предмети.

Ревизијата изврши анализа на бројот на предмети во работа, решени и останати нерешени судски предмети за периодот 2020-2022 година кои се прикажани во следните табели:

| | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|
| Број на предмети во работа | 4.478 | 4.297 | 3.656 |
| Решени предмети | 3.331 | 3.502 | 2.884 |
| Нерешени предмети | 1.147 | 795 | 772 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на решени во однос на вкупен број | 74.4% | 81.5% | 78.9% |
| Број на останати нерешени во однос на вкупен број | 25.6% | 18.5% | 21.1% |

Утврдивме дека за периодот од 2020 - 2022 година бројот на предмети во работа бележи тренд на опаѓање, а со тоа и бројот на нерешени предмети.
Напоменуваме дека на состојбата на решавање на судските предмети може да има влијание престанокот на судиската функција на 4 судии во Виш управен суд Скопје по основ на исполнување на условот за старосна пензија од месец јули 2022 година. Имено, судиската функција во текот на 2022 година ја вршат претседател и 13 судии до 30.06.2022 година, а до крајот на годината 9 судии и претседател. Состојбата со број на судии во тек на вршење на ревизијата е намалена на 7 судии, а мандатот на претседателот на Виш управен суд Скопје е истечен на 08.11.2023 година.
Во насока на ажурно работење на судот, намалување на бројот на нерешени предмети и навремено решавање на предметите, постои потреба за навремено пополнување на предвидениот број на судии во Виш управен суд Скопје.

4.3. Со одредбите на член 108 од Законот за судовите[9] е утврдено дека средствата за работа на судовите се обезбедуваат со Судскиот буџет, како посебен дел на Буџетот на Република Македонија, означен како „Судска власт“. Постапката за изготвување,

[9] Службен весник на РМ бр. 58/06, 62/06, 35/08,150/10 и 39/12

утврдување и извршување на судскиот буџет е уредена со одредбите на Законот за судскиот буџет[10]. Согласно Законот за судскиот буџет, делот на средствата за „Судска власт“ во Буџетот на Република Северна Македонија, се утврдува на износ најмалку 0,8% од бруто домашниот производ и во случај на ребаланс на Буџетот, утврдениот износ не може да се намалува. Во 2022 година буџетот на „Судска власт“ е утврден во износ 2.342.277 илјади денари, што претставува околу 0,29% од бруто домашниот производ и значително е помал од законски утврдениот лимит.

Констатираната состојба во врска со издвојувањето на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за финансирање на Судската власт не го достигнуваат законски утврдениот процент, ниту се земаат во предвид при утврдување на максималните износи на расходи од страна на Владата на Република Северна Македонија, во рамки на кои треба да се подготви буџетот за Судската власт е утврдено и со Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на Основен буџет на Република Северна Македонија за 2022 година точка 3.1.4 по кој е дадена и препорака во насока за преземање активности за усогласување на финансиските средства за Судската власт согласно законски утврдениот процент.

## 5. Останати прашања

5.1. Со извршениот увид во законската регулатива која го регулира работењето на судовите и начинот на пресметка на платата на судиите, вработените во судската служба и судската полиција, ревизијата утврди дека додатокот за работно искуство се вреднува на различен начин при пресметка на платите на судиите и судските службеници. Имено, со одредбите на Законот за платите на судиите, процентот на работното искуство се пресметува за секоја започната година на работен стаж, додека кај судските службеници согласно одредбите од Законот за судската служба, за секоја наврshена година работен стаж.

Имајќи ги во предвид наведените одредби со кои се уредува начинот на вреднување на додатокот за работно искуство, а кои предизвикуваат различно уредување на исти права на вработените во иста институција, ревизијата смета за потребно надлежните институции да преземат мерки и активности за усогласување на Законите кои го регулираат ова прашање.

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

[10] Службен весник на РМ бр. 60/03, 37/06, 103/08 и 145/10

Ревизијата е спроведена во периодот од 29.08 до 06.10.2023 година, кај Виш управен суд Скопје од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Бљерта Ганиу, помошник на главниот државен ревизор (по овластување) и овластен државен ревизор;
- Нада Бојаџиевска, самостоен ревизор и овластен државен ревизор;
- м-р Маја Михајлов, ревизор;
- Исни Абдулаи, виш ревизор и
- м-р Елена Пејчева, помлад ревизор.

Не е вршена ревизија ниту е издаден извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Виш управен суд Скопје за годините кои претходат на годината предмет на ревизија.

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 8. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот Виш управен суд Скопје, застапувано од:

- Исмета Амет, именувана за претседател на Виш управен суд Скопје, со Одлука[11] донесена од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија, од 30.10.2018 година до 08.11.2023 година[12].

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

[11] Број 08 – 1463/1 од 30.10.2018 година
[12] Решение бр.02-2208/1 од 09.11.2023 година

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Виш управен суд Скопје, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и, каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

## 10. Недостатоци во внатрешната контрола

10.1. Согласно Актите за систематизација и организација на работните места систематизирано е одделение за финансиско и материјално работење со предвидени две работни места од кои пополнето е едно работно место раководител на одделение.

Во услови на недоволен персонал, во годината предмет на ревизија едно лице ги извршува сите активности во одделението меѓу кои и сметководствена евиденција на документацијата, материјално и финансиско работење, благајничко работење и пресметка на плата, што упатува на невоспоставена соодветна поделба на должностите и одговорностите во делот на финансиското работење. Наведеното не е во согласност со член 11, 16, 20 и 21 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, каде е предвидено воспоставување на соодветна поделба на должностите на начин кој не дозволува едно лице истовремено да биде одговорно за одобрување, извршување, сметководство и контрола, а активностите да се верификуваат од две меѓусебно независни лица.

Не преземените мерки и активности за целосно воспоставување и функционирање на системот на внатрешни контроли создава ризик финансиските трансакции да не се извршени согласно законските прописи и да не се темелат на соодветна сметководствена документација за обезбедување на целосни, вистинити и веродостојни информации.

**Препорака**

Раководното лице на Виш управен суд Скопје да преземе мерки за воспоставување на сеопфатна финансиска контрола на сметководствената документација и евиденција преку разграничување на надлежностите при извршувањето и контролите на истите.

## 11. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој конечен извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот Виш управен суд Скопје одржан на ден 20.10.2023 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Добиени се забелешки број СУ – 03.бр.0302-71/2023 од 18.12.2023 година на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Виш управен суд Скопје на сметка на основен буџет (603), од страна на Заменик претседател на Виш управен суд д-р. Субхи Јакупи, заведени во Државниот завод за ревизија под број 28 – 176/12 од 20.12.2023 година која се однесуваа на точка 4.1. и на страна 14 пасус еден од Образложенијата.
Забелешките се разгледани од страна на овластениот државен ревизор при што е констатирано дека забелешката на точката 4.1. преставува известување за преземени активности по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, а забелешката на страна 14 пасус 1 поради настаната техничка грешка се прифаќа.

Забелешките и одговорот на забелешките се составен дел на Конечниот извештај и се дадени во прилог на истиот.